**20240941831**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 72 став (3) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И КОДЕКСОТ НА ШИФРИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/19, 158/19, 279/19, 243/20, 5/21, 237/21 и 201/23), во Прилогот 2 – Кодекс на шифри за пополнување на ЕЦД, Поглавје II – Шифри, во рубриката 37 - ПОСТАПКА, б) Шифри за втора подрубрика, Ослободување од плаќање на увозни давачки, на крајот од табелата по зборовите „Увоз на добра/стоки извршен од страна на Стратешкиот партнер, наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово-Гостивар-Букојчани и Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија член 15 став (8) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија С71“ се додаваат зборовите:

| | | |
|---|---|---|
| „Увоз на добра/стоки извршен од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, наменети за реализација на проектот Железнички Коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија | член 8 став 4 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Железничкиот Коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија | С72 |
| Увоз на добра/стоки извршен од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, наменети за реализација на проектот Железнички Коридор VIII - Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија | член 8 став 4 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот Коридор VIII - Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија | С73”. |

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-905/4
22 април 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
**dr. Fatmir Besimi,** с.р.